# Закон за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување

**Член 1**

Во Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија“ број 37/2008, 164/13, 149/14 и 192/15), во насловот пред членот 38 и во член 38 ставови 1 и 2 зборот „министерот“ се заменува со зборот „Министерството“.

**Член 2**

Во членот 39 став 1 зборот „Министерот“ се заменува со зборот “Министерството“.

**Член 3**

Во членот 40 став 1 зборот „Министерот“ се заменува со зборот „Министерството“.

Во ставот 3 зборот „министерот“ се заменува со зборот „Министерството“.

**Член 4**

Во членот 55 алинеја 1 и во членот 70 став 1 точка 42) зборот „министерот“ се заменува со зборот „Министерството“.

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).